## Реден број на прилогот: 1

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од трет циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Методологија на научноистражувачката работа од полето Филозофија | | | |
| 2. | Код | Ф01 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година / прв семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 3 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Ана Димишковска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>- Студентите да стекнат темелни познавања од сферата на научната методологија, како во сегментот на општата методологија на научноистражувачката работа, така и во методологијата од подрачјето на хуманистичките науки, и поспецифично, во полето на филозофијата;<br>- Студентите да се здобијат со продлабочени знаења за принципите и карактеристиките на филозофските методи со кои се истражувани и решавани клучните филозофски прашања и кои имаат фундаменталното значење не само на планот на филозофското, туку и на научното мислење воопшто;<br>- Студентите да се оспособат за следење на најновите методолошки трендови во областа на нивното професионално усовршување, со особен акцент врз интердисциплинарната димензија на филозофската методологија;<br>- Студентите да се оспособат за самостојна и критичка примена на научноистражувачките методи и постапки, а особено на методите на филозофското мислење, во иницирањето, планирањето и реализирањето на самостојни научни истражувања, односно создавањето на сопствени научни и филозофски дела. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>- Предметот и методот на науката; општа, посебни и специјални методологии; општи научни методи и општа постапка на научното истражување; преглед на квантитативните и на квалитативните истражувачки методи; структурата на научните трудови; документарната подлога на научните трудови: цитирање, парафразирање, избегнување на плагијаторство; изработка на предлог-проект за истражување (елаборат);<br>- Условеноста на методолошките парадигми од генералните теориски позиции: емпиристичко-индуктивен метод; рационалистичко-дедуктивен метод; критичката филозофска методологија; позитивизам, херменевтички метод, структурализам и постструктурализам, феноменолшки метод, методолошки „анархизам“;<br>- Специфични методски постапки во филозофскиот дискурс: историскиот и критичко-компаративен метод на толкување на филозофските текстови; дијалектичката структура на филозофската аргументација и нејзините дијалошки аспекти; концептуалната анализа како филозофски метод; мисловен експеримент („Gedankenexperiment“); конструирање на апстрактни теориски модели во филозофијата и тестирање на нивната објаснувачка моќ. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: Консултирање на релевантна литература, консултации со предметниот наставник, самостојни истражувања на зададени теми од предметот, пишување на студентски трудови и нивно презентирање. | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 90 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30+20+40=90 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања (теоретска настава) и дискусии | | 30 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | 20 часа |
| | | 16.3. | Домашно учење | | 40 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна) | 40 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 17.2. | Устен испит/презентација | | 30 | |
| | 17.3. | Активност и учество во дискусии | | 30 | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | | Редовност на предавањата (за потпис) и предаден писмен труд (за полагање завршен испит) | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски (со можност за изведување на наставата и на англиски јазик) | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација и самоевалуација | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Панзова, В. | *Вештината на истражувањето: општите постапки во научната работа* | Филозофски факултет, Скопје | 2018 |
| | | 2. | Брајман, А. | *Методи на општественото истражување* | Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола | 2014 |
| | | 3. | Cappelen, H. and al., eds. | *The Oxford Handbook of Philosophical Methodology* | Oxford University Press, Oxford | 2016 |
| | | 4. | Booth, W. C. et al., eds. | *The Craft of Research* (4th ed.) | Chicago University Press, Chicago | 2016 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Трајковски, В. и Ангелоска Галевска, Н. | *Академско пишување и објавување* | Филозофски факултет, Скопје | 2022 |
| | | 2. | Murray, R. | *How to Write aTthesis* (3rd ed.) | Open University Press, Berkshire | 2011 |
| | | 3. | D’Oro, G. and Overdgaard, S., eds. | *The Cambridge Companion to Philosophical Methodology* | Cambridge University Press, Cambridge | 2017 |
| | | 4. | Daly, Ch. | *An Introduction to Philosophical Methods* | Broadview Press, Peterboroug | 2010 |